Врз основа на член 73 став (1) точка 2) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/25 и 135/25) и член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови (Службен весник на РСМ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на 15 јуни 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Неби Рушитовски УП2 бр. 09-185/26 од 11 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1157362546 од 24.10.2025 за период 20.09.2025-20.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ОДБИВА.

2. Фактурата за испорачана електрична енергија бр. 1157362546 од 24.10.2025 за период 20.09.2025-20.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Неби Рушитовски до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-185/26 од 11 април 2026 година против Фактура за испорачана електрична енергија бр. 1157362546 од 24.10.2025 за период 20.09.2025-20.10.2025 година на ЕВН ХОМЕ ДОО Скопје.

Според ЕВН ХОМЕ – врз основа на податоци од оптичко отчитување на броилото 68946637 издадена е сега приговараната фактура.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 4 мај 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Одговор на Приговор УП2 09-185/26 од 11 април 2026 година со прилог:

-Приговараната фактура

-Фактури за испорачана електрична енергија од јануари 2025 до октомври 2025 година

2. Дополнителни докази од ЕВН од 29 април 2026 година со прилог:

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 19 септември 2025 година

-Извештај за отчитани состојби на броилото од 20 октомври 2025 година

На седницата се заклучи Електродистрибуција да достави информација за:

1. детално финансиско образложение во врска со промената на износот на неплатениот долг прикажан во фактурата бр. 1157362546-1 за периодот 20.09.2025 – 20.10.2025, во споредба со претходната фактура бр. 1156500633-3 за периодот 20.08.2025 – 19.09.2025.
2. причините за промената на пренесеното салдо како неплатен долг;
3. евентуалните корекции, рекалкулации или дополнителни задолжувања извршени помеѓу двата фактурни периоди;
4. финансиската и оперативната основа врз која е извршена промената на вредноста на неплатениот долг.

Одговорот да содржи јасен преглед на движењето на салдото од еден фактурен период до друг, со цел проверка на точноста на прикажаните обврски.

На 21 мај 2026 година беше одговорено следното:

1. Фактура со број 1156500633 е изготвена на 24.09.2025 година и истата е со вкупен износ од 442денари (износ на фактура 425 мкд и заостанат долг од 17,00 денари). Заостанатиот долг од 17,00 денари се однесува на тужена камата.
2. Изготвени се:

- Корекциска фактура 1156132842 за период од 21.03.2023 година - 30.06.2024 година - износ за плаќање 0 денари;
- Корекциска фактура 1156132843 за период од 01.07.2024 година - 30.06.2025 година - износ за плаќање 78.199,00 денари;
- Корекциска фактура 1156132844 за период од 01.07.2025 година - 19.08.2025 година - износ за плаќање 846 денари.

3. Фактура со број 1157362546 е изготвена на 24.10.2025 година и истата е со вкупен износ од 79.486,00 денари (износ на фактура 424 денари и заостанат долг 79.062 денари). Во заостанат долг прикажани се тужената камата 17 мкд и долг по основ на корекциските фактури фактурра 1156132843 и фактура 1156132844 . Фактурата со број 1156132844 корисникот ја подмирил на 14.02.2026 година.
4. Корисникот е известен за корекциските фактури и за корекциската фактура 1156132843 има поднесено барање за спогодбено плаќање во 02/2026 година .Барањето е прифатено, изготвена е спогодба која корисникот ја прифатил, потпишал и почнал да ја почитува и плаќа.

По изготвување на спогодбата во заостанат долг продолжува да се прикажува само тужената камата од 17 денари.

На 22 мај 2026 година приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека корисникот веќе има потпишано договор за плаќање на износот на рати кој го почитува со редовна уплата.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–185/26**
**15 јуни 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**